

МИХАИЛ ЈУРИЈЕВИЧ ЛЕРМОНТОВ
1814 - 1841

„НЕ БАЈРОН НЕ СУМ, ЈАС СУМ ДРУГ
УШТЕ НЕПОЗНАТ ИЗБРАНИК
КАКО И ТОЈ , ОД СВЕТОТ
ПРОГОНЕТ, - ПАТНИК
САМО СО РУСКА ДУША“

ЛЕРМОНТОВ, 1832

гнев, презир, тага

- ОСНОВНО ЧУВСТВО ВО НЕГОВАТА ПОЕЗИЈА Е ПЕСИМИЗМОТ
- ЛЕРМОНТОВ Е „РАСПНАТ“ МЕЃУ ЖЕЛБАТА ДА МУ ПОМОГНЕ НА СВОЈОТ НАРОД, НО И РАЗОЧАРУВАЊЕТО ОД ТОЈ НАРОД
- ПОЕЗИЈАТА МУ Е СПОЈ НА : ВЕРБАТА И РАЗОЧАРУВАЊЕТО; ПЕСИМИЗМОТ И ОПТИМИЗМОТ; ЉУБОВТА И СМРТТА

“НЕ ВЕРУВАЈ ВО СЕБЕ„

1839

НЕ ВЕРУВАЈ ВО СЕБЕ

Que nous font après tout les vulgaires abois
De tous ces charlatans qui donnent de la voix,
Les marchands de pathos et les fabricants d'emphase
Et tous les baladins qui dansent sur la phrase?

A. Barbier

Мечтателу млад, не, немај верба в себе,
Од занесот ти незрел бегај —
Знај, бунило е тоа в душа што ти гребе,
Или оков мисли што ти стега.
Не барај в него знаци небески и свидни:
Сал крвта свеста ти ја врти!
Изврчи ги сред грижи деновите идни,
Со отров чашата ја сврти!


Се случи ли пак среде мигот свет и таен,
Во душата со темна лика
Да откопаш ти извор невиден и сјаен,
Со звуци слатки сал што блика, —
Не вслушувај се во нив ропски како в сказни,
И пека заборав ги скрие:
Во стихови со размер строг и зборој мазни
Не можат да се речат тие.

А штом те тага навјаса во душа темна,
Или страста како луда орда,
Од гозбата повлечи се о тогаш земна
И ти и твојта друшка горда;
Без понизност и гнев! Не тргувај со зборот,
Или тагата, сред болка скршен,
И скриј ги раните на душата од взорот
На џганот тап и простодушен.

Што гајле ни с ка нас какво носиш бреме?
Што ќе ни с твојот немир дробен.
Надежите глупи од младешко време,
Поплаките на умот злобен?
Глеј како пред тебе по патот вдолж се движи
Толпата со лесни чекор;
Врз лица свечени ти едвај гледаш грижи,
Или солза достојна за прекор.

А нема ниту еден в толпата што трчка,
Што има само радост в очи,
Што нема макар една предвремена бричка,
И не сторил бар еден злочин?
Ни плач, ни солзи! За нив ти си смешна слика
Со навејот што сал се жали,
Ко артист нашминкан во трагична дика
Со меч од картон што се фали . . .

„ПОЕТ“



ПОЕТ

Врз ѕидот светиг ножот мој со позлата сјајна,
Сечливо доверливо и драго,
Безгрижорен човек, жалиг во длабока тајна —
На истиот боеи благо.

На јавачот в гори му служел тој без мака,
Не барал плата, нити добил,
Во многу гради отворил тој дупа рана,
Не еден панцир в битка пробил.

Ко роб задоволствa сал делел, без да дреме,
Не трпел прекор, звонел тврдо,
И украсот богат би го презрел в тоа време
Ко облекло врз себе грдо.

Од трупот студен на господарот, кај сјаел,
Крај Терек Козак смел го дигнал,
А потоа кај Ерменец под шатор чмаел,
На многу места така стигнал.

Од ножница во битка дупа дамна лишен,
На јунаци тој другар вреден,
Ко златна играчка врз ѕидот, в агол скришен,
Без слава сега блеска беден.

Со грижна рака никој кај него не ита
Да брише прав и да му збори,
И никој веќе, молејќи се, не му чита
Со восхит жедно натпис в зори.

127

Во некои молитви, поету, смислата своја
Зар не ја урна и ти така,
За злато кога ја замени мобета, која
Светот ко завет чист ја сака.

А молитви за битка зборовите твои
Ги калеше борците храбри,
Им беше лекар на рубето, што ги вои,
Иаг темјан в молитви што тиви.


Ко божји дух кад тешка тајност стиже со мисл
И, одеи горд по мисли в глави,
Ко звуци од камбана од градска кула бисе
Во дни на несреќа и слава.

Но штур е за нас твојот збор што правиш блиски,
Не тешат сетни дози, мрачни.
Ко убост што се рони светот трошиш сивиот
Со вудра да си крие брчки.

О исмеан пророку, од мртвата штама
Дал' повторно ќе те крене пламен,
Или нема појас да извлечеш кама
Од 'рѓата на презирот срамен?

128

„ПРОРОК“



ПРОРОК

Од кога бог во оној час
Ми дал сезнаење на пророк
— Во очите му читам јас
На секој човек злоба, порок.

Бев објавил на начин свој
За вистина и љубов ука —
И бесно сите ближни мои
ме гаѓаа со камен тука.

Ја веднаш главата, без шум
Од градот како просјак бегав.
Па в пустина ко птица сум,
По божја волја дишам сега.

Од векн чувам завет свет,
Сè земно покорно ме следи,
Ме слуша сиот ѕвезден свет
Што в радост пска лачи бледи.

А кога преку шумен град
Ќе поминам, трчајќи скоро
На своите внуци старци в јад
Со злобна насмевка им зборат:


„Та пример све ви и вам!
Тој, не заврза свој кореи!
Ни велеше тој глупак нам
Низ него дека господ зборел.

159

Гледајте го, о деца, сега:
Тој злобен е, и сув, и бледен;
Гледајте го, тој гол е, бедем,
Та кој ли не го презре него!"

160

„ТАТКОВИНА“



ТАТКОВИНА

Родината ја сакам, но со љубов чудна!
И неа нема да ја сразн мојов ум.
Ни слава што е купена со крвта судна,
Ни мирот полн со горда доверба, ни шум
Од темна древност со легенди полна
— Не размрдуваат во мене мечта волна.

Но јас го сакам — зошто, не знам, клет —
Тој студен молк на степите завеани,
Лудувељето на шумите во недоглед,
И реките, ко мориња разлеани.


По селски пат да јурам сакам в колска спрега
И мојов поглед лесен војска мрак да стрела,
Преноќиште барајќи, в градн да ме жега,
Да сретнам оган игрив среде тажни села.
Го сакам чадот лут по жетва родна,
И облозот што војска сред стена,
На ридот, среди жолта нива плодна,
Ред брези што се белеат и трепват.
Со радост што за мајчина е тајна
Јас гледам гумно кај што сноп се празни,
И девојчиња, со крв од слама сјајна,
И проворче по кадење. На празник
Да виднш росни сакам да ги гледам
На танец велел разиграните.
Шта приповеат со смреж, а ги следат
Со пијан глетор соседните.

. . .

Ти, Русијо во тиња, збогум!
Ти господски, ти роднски крај,
Мундири сини, толку многу,
Мој народе, ним верен, знај:

Јас, можеби, зад Кавказ мојсеи
Од твоите паши би се скрил,
Од очи сёвидни и ноќе,
Од слухот сёчиен што бил!

„СМРТТА НА ПОЕТОТ“



СМРТТА НА ПОЕТОТ

„Одмазда, господару, одмазда!“

Да, падна тој, за чест што патил,
Наклеветен од зборот зол;
Со куршум в градн, жел да врати
Тој ведка горда глава в бол.
Не подиесе ни миг поетот
Во душа навреди и срам,
Се крена сам тој против светот
— Ко порано — и падна сам.
Да, падна . . . Зошто други ронат
И солзи, празни фалби вхор,
Од сёбе бедно вина гонат? . .
— Судбината си кажа збор!
Зар не бил гонет од вас првен
Слободниот, смел негов дар
А кефот да ви мине страсн
Распаляте пак згаснат жар?
Радуjте се! . . Тој такза мака
Не можеше да трпи пак:
Ко свёка згасна генij таков
И свесна свечен венец в мрак.

Убиецот му сосем ладно
Наницани . . . и нема спас;
Пак мирно бие сре гадно,
Ня рака трепка оној час.
Па, што е чудно? . . . Дошол еден
— Ко многу такви — подол син
Во лов на среќа и по чин,

Од кобта фрлен при нас, беден
Потсмешливо и дрско, клет,
Ня презре обичај и јазик,
На туѓа слава в туѓ крај згази
И не разбра во миг от кравн
На кого крена пистолет! . .


А тој е мртов — умре така
Ко оној певец, непознат, но сакан,
Што ревноста во плеи го скрила;
А беше воспеан од ниа со чудна сила
— И уништен, ко тој, од подла рака.

Но зошто тој, од дружба верна, мирна нега,
Сред овој душен, завистлив свет дојде сега?
За срце слободно, за страста-жар што ригна?
На клеветник зол зошто рака тој му даде,
Поверува на збор, на лажни ласки, надеж,
Тој, лутето во младост што ги стигна?

Фрлајќи всесц прежси — тие трнов всесц,
Во лаври обвиткан, му кладоа врз глава;
А иглите го бодат, еве,
По челото овенчано со слава.
И миг от заден отров му го замеси
Со шепот лукав на потсмешливец и гласа
И умре, пред одмаздата да стаса
— Со таси гнев на надежи измамени.


Од чудни песни звукот лесен
Го нема да се гласи пак;
Постот има засолн тесеи,
На громки усни — печат јак.
О, горди потомци на гадост знајна,

Што родот ви го прослави од век,
Си спасиите со поклон ропски милост траjна
За сметка, пак, на родот навреден!
Крај тронот вие стоите во толпи жедни
За Генij, Слобода и Слава катили!
Под сенката на законот се криете о бедни:
Вистината и Судот пред вас в неврат фатиле!



Но има божји суд, о синови на блудот,
И страшен судија: тој чека,
А студен е пред златен сјај и квска,
Знаејќи однапред што правите од лудост!
По зол збор тогаш ке посегнете зар бесно,
Но ќе ви откаже тој прв.
Со црната ви крв не се брише, ис, лесно
Праведната поетска крв!

„И ТАЖНО И ЗДОДЕВНО“ „ОБЛАЦИ“



1840

И ТАЖНО, И ЗДОДЕВНО

И тажно, и здодевно! — Кому да подадеш рака
Во часот на душевно бреме?
Зар желби? . . Што корист сè залудно, вечно да сакаш?
А времето мине, најдоброто време.

Да љубиш? . . Но, кого? . . Годините само се редат;
И — не може вечно да љубиш!
Во себе ке сирнеш? — минатото прође без следа,
А мака, а радост — во ништо се губи!

Зар страста? — Но, рано ил доцна, и глупоста скапа
Пред разумот мора да бега
И животот — гледаш наоколу ладно и тапо —
Останува пуста и глупава шега.

ОБЛАЦИ

Облаци небесни, вечно без граници,
В лазурна степа ко алки коралови,
Брзате вие, ко и јас, прогнаници,
Таму, кон југот, од север со жалови.

Кој ли ве гони? Од судба решение?
Тајна ли завист? Ил злоба отворена?
Или, пак, злосторство без утешение?
Или од другар јад-клевета сторена?

Не. Ви здодеја ниви изгорени.
Сегде без страсти, но и без страдања,
Студ сте престорени, волни, без корени.
Немате родина ниту изгнанија.